






Цели

1. Да се подобри пристапноста до регионите во Југоисточна Европа со велосипед.
Патеката на Железната Завеса води низ погранични региони кои беа поделени за време на студената војна, а нивните врски (за велосипедистите исто така) беа прекинати. Значајни подобрувања беа направени во делот на патната и железничката инфраструктура, но во исто време се појавија нови предизвици.

2. Да се поврзат можностите во делот на велосипедизмот и јавниот транспорт.
Велосипедизмот може да помогне за подобрување на сообраќајот преку зголемување на зоните на опфат на јавните транспортни линии правејќи ги побрзи и полесно достапни. Проектот Патека на железната завеса ги собира најдобрите практики и спроведува показни активности за подобрување на можностите за сместување/паркирање на велосипеди и превозните решенија поврзани со јавниот транспорт. Овие решенија можат да помогнат во отстранување на пречките при користењето на јавниот транспорт.

3. Да се поврзат регионите во Југоисточна Европа преку долга Европска велосипедска патека.
Мрежата ЕвроВело ги поврзува европските држави; Патеката на Железната завеса како дел од оваа мрежа - ЕвроВело 13 - овозможува видлива и конкретна врска помеѓу земјите и регионите во Југоисточна Европа. Проектот Патека на железната завеса ќе ги издвои клучните недостатоци во инфраструктурата покрај патеката и ќе изнајде спроведливи решенија.

4. Да се промовира велосипедизмот и комбинираниот одржлив превоз како средства за одржлива мобилност.
Со цел да се зголеми уделот на велосипедизмот и јавниот транспорт потребно е да се подготват и искомуницираат понуди кои ќе одговараат на потребите на велосипедистите. Тие понуди ќе го подобрат јавниот имиџ на велосипедизмот (особено во оние земји каде уделот на велосипедизмот е мал) и ќе ги мотивира крајните корисници т.е. месното население.

5. Проектот Патека на железната завеса значително ќе го подобри **знаењето и искуството** на водечките регионални развојни институции и релевантните невладини организации на територијата каде се спроведува проектот и ќе ги воспостави темелите за понатамошна соработка.

Programme co-funded by the
EUROPEAN UNION


Iron Curtain Trail

ПАТЕКА НА ЖЕЛЕЗНАТА ЗАВЕСА

Iron Curtain Trail







Историјат

Речиси половина век Европа беше присилно поделена на Источна и Западна со “Железната завеса” - граница која се протега од Баренцовото Море па се до Црното Море. Патеката на железната завеса е европска велосипедска патека која ги повикува луѓето повторно да се навратат и да го доживеат овој значаен дел од историјата на континентот. Со тоа, Патеката на железната завеса на еден впечатлив и многу практичен начин придонесува во создавањето на автентичен европски идентитет. Благодарение на успешните подготвителни активности започнати од г-динот Мајкл Крамер, Европската Велосипедска Федерација ја означи Патеката на железната завеса како ЕвроВело патека бр. 13 која почнува од Баренцовото Море и води се до Црното Море и е долга повеќе од 10.400 км (приближно 8.800 км од вкупната должина се наоѓат на територијата на ЕУ, додека 1.600 км се лоцирани надвор од неа). ЕвроВело е мрежа составена од 14 долги велосипедски патеки кои го поврзуваат и обединуваат целиот Европски континент. Патеките можат да се користат од страна на туристи велосипедисти како и од страна на месното население за секојдневни патувања. Се предвидува мрежата да биде завршена во голема мера до 2020 година.

Патеката на железната завеса ги поврзува поголемиот дел на земјите од Југоисточна Европа и истата се смета за најдолга од сите патеки во мрежата на Европските велосипедски патеки. Се очекува истата да генерира на годишно ниво 3,3 милиони дневни тури, 849.000 тури за време на годишните одмори, а исто така се очекува економско влијание од 355 милиони Евра штом ќе биде целосно завршена. Со цел целосно да се искористи нејзиниот целосен потенцијал како ЕвроВело патека 13, проектот собира и оценува потенцијални маршути, услуги, условите за промотивни и маркетинг активности, организационата и финанскиска основа на Патеката на железната завеса и ги дефинира потребните активности што треба да се спроведат до 2020 година. Проектот создава можности за учење, да се пронајдат и разменат добри решенија за локалните и регионалните предизвици за мобилност како и за промоција на одржливиот транспорт (да се подобри сликата за велосипедскиот и јавниот транспорт). Со помош на Програмата за Југоисточна Европа, јужниот дел од Патеката на железната завеса ќе може да ги достигне поразвиените делови и да прерасне во движечка сила на сите развојни активности во регионот поврзани со велосипедизмот.

PROMOidea
CENTER FOR DEVELOPMENT AND PROMOTION

str. Bratstvo Edinstvo 6/8-13
2400 Strumica
Republic of Macedonia
T: +389 34 612-697
F: +389 34 612-697
E1: contact@promoidea.org.mk
E2: exportbg.mk@gmail.com
I: www.promoidea.org.mk

SOUTH EAST EUROPE
Transnational Cooperation Programme

EuroVelo
the European cycle route network

Iron Curtain Trail
www.ict13.eu